Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник РСМ бр. 10/20“), Општина Гевгелија распишува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## за членство во Локалното собрание на млади во Општина Гевгелија

На повикот можат да се пријават членови од: **младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.**

**Критериуми:**

- Формите на организирање и здружување не мора да бидат регистрирани во Општина Гевгелија, но мора да имаат активности на подрачјето на Општина Гевгелија во чиешто Собрание ќе членуваат;
- Да се основани и активни најмалку 1 година пред отворањето на овој повик;
- Членовите да се жители на Општина Гевгелија и да се на возраст од 15 до 29 години;
- Формите на организирање кои членуваат Собрание за млади номинираат делегат и заменик-делегат;
- Да биде запазена родовата застапеност.

**Потребна документација:**

- Номинација на делегат/ка и заменик-делегат/ка со контакт-детали за претставниците (Кратка биографија);
- Копија од лична карта на номиниран делегат и заменик-делегат;
- Изјава за согласност за користење на личните податоци;
- Решение за извршен упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија, со кое се потврдува дека организацијата е основана најмалку една година **(важи само за организациите регистрирани согласно со Законот за здруженија и фондации);**
- Тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија не постара од шест месеци со која се докажува со активен статус на организациите **(важи само за организациите регистрирани согласно со Законот за здруженија и фондации)**;
- Портфолио за работата на организацијата;
- Мотивациско писмо од организацијата за учество во Локалното собрание на млади, но не повеќе од 1 страница;
- Годишен извештај за работата за претходната година, со кој се потврдува дека организацијата била активна и има спроведено активности за млади во Општина Гевгелија.

**Рок за пријавување:**

- Повикот трае 15 дена и е отворен до 22 октомври 2024 година;

**<u>Начин на пријавување:</u>**

Формите на организирање и здружување треба да ја достават потребната документација во писмена форма до службеникот за млади во Општина Гевгелија, Петар Б. Јанчев, со назнака: „Апликација за членство во Локално младинско собрание во Општина Гевгелија“, во работните денови до крајниот рок на Повикот, од 08:00 до 16:00 часот.

- Повеќе информации на телефонскиот број: 075 219 453.

Пријавите ќе бидат разгледани од страна на Верификационата комисија, составена од вработените во општинската администрација.

Верификационата комисија ќе се состои од 3 члена и нивни заменици, а ќе се формира со Решение од Градоначалникот.

**Локалното собрание на млади е сочинето од делегат и од заменик-делегат од различните форми на организирање на младите во општината.**

**Локалното собрание на млади распишува Јавен повик за членство во Локален младински совет.**

**Мандатите на членовите на Локално собрание на млади им траат 2 години, со право на уште еден избор.**

Сите апликанти ќе бидат информирани за понатамошните чекори.

**службеник**
**за млади на Општина Гевгелија,**

Петар Јанчев

**с.р.**

бр. 19-1259/1
07.10.2024 год.
Гевгелија